# „Вмрежување на МСП од Креативната индустрија во прекуграничниот регион“ – ПАРК

PARK
Growing Business Together

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

Секторот на креативни индустрии нуди големи можности за претприемачкиот дух во прекуграничниот регион. Сепак, овој сектор е се уште недоволно разбран и е во фаза на развивање, особено во прекуграничниот регион. Иако имаат висок потенцијал за понатамошен развој, фирмите се во голема мера оставени сами на себе со недостатокот на вештини и маркетинг за промоција на нивните производи. За жал, многу од овие компании се затвараат во текот на првите две години од нивното основање поради недостаток на поддршка.




Малите и средни претпријатија се движечка сила на економскиот развој. Во рамките на регионот, постои недостаток на институции кои нудат поддршка на малите и средни претпријатија преку обезбедување на простории и консалтинг и други услуги по цени под пазарната вредност, со цел да им се помогне на овие претпријатија во периодот на стабилизација и нивен опстанок на пазарот.

Иновациите денес се императив за успех, но за жал, финансискиот капацитет на новоформираните МСП, во најголем дел, е ограничен и самите претпријатија не се во можност да обезбедат истражување и развој на нови идеи, едни од најпознатите основни проблеми во бизнисот.

Токму затоа овој проект се стреми кон подобрување на бизнис климата и пружање на помош на МСП во подобрување на нивните бизниси.

## Краток опис на проектот:

### Водечки партнер:
Центар за доживотно учење (Ниво 2) во Регионот Централна Македонија – Подрачна единица во Серес

### Проектен партнер:
Центар за развој на Југоисточниот плански регион

### Времетраење:
15 месеци

### Финансиран од:
Овој проект е кофинансиран од Европската унија и националните фондови на земјите учеснички преку ИПА програмата за прекугранична соработка Р. Грција – Р. Македонија 2007-2013

### Цел на проектот:
Да се подобри бизнис климата и да се зголемат заедничките иницијативи за економска соработка во прекуграничниот регион.

### Контакт:

Данче Поп-Иванова Илиева
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 071/ 364-934
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail: dance.popivanova@gmail.com


### Цели на проектот:

- Воспоставување на Инкубатор и систем на е-часови;
- Воведување на нови комуникациски технологии и ибезбедување на заеднички ИКТ (ICT) услуги во областа на електронското учење;
- Да се воведат иновативни пристапи во областа на маркетингот на претпријатијата;
- Да се промовираат прекуграничните бизнис партнерства и вмрежување преку создавање на заеднички веб-базирана промотивна платформа, организирање на бизнис состаноци и форуми;
- Да се зголеми капацитетот на малите и средни претпријатија преку спроведување на повеќе тренинзи, форуми и работилници;
- Да се промовира прекуграничниот регион.

### Резултати од проектот:

- Зголемена прекугранична размена на знаењето преку заедничко искуство, заеднички ресурси на знаење и практики за водење бизнис на МСП во прекуграничниот регион;
- Информирани претприемачи и подобрена бизнис клима во прекуграничниот регион врз основа на нова соработка и платформи за размена на искуства (формирана прекугранична бизнис мрежа);
- Подобрени можности на МСП за водење бизнис;
- Подобрена бизнис средина за малите и средни претпријатија, особено за креативните индустрии преку обезбедување на услуги за нивна поддршка;
- Овозможување на start-up бизниси за младите вработени;
- Подобрена директна поддршка на малите и средните претпријатија и воспоставени врски помеѓу науката и економијата преку и надграден Тренинг Центар;
- Трансфер на универзитетско знаење ("know-how") преку организирани настани во рамките на проектот;
- Совети на високо ниво за новите и start-up бизниси;
- Воспоставен Инкубатор, е-училници и програми за е-учење (учење преку интернет).